09-1165/3
03 -09- 2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 51-та седница, одржано на ден 01 септември 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09-4323/1 од 18.12.2020 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-4323/1 од 18.12.2020 година, поради промена на фактичка состојба, односно лицето ---------- е разрешено од функцијата член на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на ден 23.12.2020 година од страна на Собрание на РСМ.

Предметот со број 09-4323/1 од 18.12.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-4323/1 од 18.12.2020 година е оформен врз основа на известување од страна на лицето ---------- за поднесена Оставка до Собрание на Република Северна Македонија на 17.12.2020 година, во кое наведува дека поднесува оставка од функцијата член на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП), бидејќи има поднесено апликација на Оглас за избор на директор на Државен студентски дом Скопје – Скопје, со цел да се спречи поведување на постапка за утврдување на судир на интереси.

Државната комисија побара од Собрание на РСМ да се произнесе во однос на тоа дали лицето ---------- е разрешен од член на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП), имајќи го предвид известувањето, кое именуваното лице го доставило до Собрание на Република Северна Македонија на 17.12.2020 година.

На ден 23.03.2021 година е доставено известување од Собрание на РСМ дека на 28-та седница одржана на 23.12.2020 е констатирана оставката на членот на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, -------------, со што му престанала функцијата.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК